# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ТЕХНОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА ОБЛЕКА 1 - ПРАКТИКУМ" ОД ДОЦ. Д-Р СОЊА ЈОРДЕВА И АС. М-Р САШКА ГОЛОМЕОВА-ЛОНГУРОВА, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2302-115/6 од 81. редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 2.10.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– доц. д-р Сања Ристески, наставно-научни области технологија на облека и дизајнирање на текстил и облека на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
– д-р Ацо Јаневски, вонреден професор од областа на анализа и синтеза на процеси и полимерно инженерство на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ТЕХНОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА ОБЛЕКА 1 - ПРАКТИКУМ**" од **доц. д-р Соња Јордева и ас. м-р Сашка Голомеова-Лонгурова** наменет за студентите на прв циклус студии при Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**: Е-практикумот „Технологија на изработка на облека 1" е наменет за студентите на прв циклус студии од V семестар со фонд на часови 3+2+2 на студиските програми Дизајн на текстил и облека и Технологија на текстил и облека. Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за вежби по предметот Технологија на изработка на облека 1 за студиските програми за кои е наменет.

**Податоци за обемот ракописот:** Е-практикумот се состои од вовед и 9 поглавја: 1.Структура на кројна слика и утврдување на трошок на материјал, 2. Пресметување на капацитетот на производството, 3. Планирање на производството, 4. Изработка на работни налози, 5. Планирање на материјалот за кроење, 6. План на технолошки операции, 7. Рекапитулација на времето на

изработка, 8. Изработка на план на монтажа за женска кошула и 9. Изработка на планови на технолошкиот процес.

Ракописот се состои од 58 страници, поделени на 9 тематски целини со решени примери, како и задачи за самостојна работа на студентите. Предложениот ракопис е во согласност со студиската програма и во целост ја покрива наставната материја предвидена за оптовареност од 2 (два) часа за вежби неделно.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваков е-практикум, според обем и содржина, што одговара на предвидената наставна програма по предметот Технологија на изработка на облека 1 на ТТФ при УГД не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Првото поглавје се состои два дела: структура на кројната слика и утврдување на трошок на материјал. Дадени се сите потребни формули за пресметка на елементите на кројна слика. Поглавјето содржи 7 решени примери за пресметка на трошок на материјал преку релативно и апсолутно учество на големини, за теоретски трошок и за искористување на кројната слика. На крајот од првото поглавје се дадени и 5 задачи за самостојно решавање. Второто поглавје освен формулите за пресметка

на капацитетот на производството содржи 4 решени примери и 3 за самостојна работа на студентите. За терминирањето на производството во третото поглавје се дадени три примери со кои се покажува аналитичкиот и графичкиот начин на работа.

Четвртото поглавје е наменето на изработката на работни налози и во него има примери за работен налог за детска блуза и женска кошула. Во петтото поглавје детално е разработен пример за планирање на материјалот за кроење според работен налог. Шестото поглавје се однесува на планот на технолошките операции. Во него се дадени примери за план на технолошки операции за секоја фаза на изработка за детска блуза со кратки ракави и за женска кошула. Во седмото поглавје е објаснета рекапитулацијата на времето на изработка како неопходен елемент за изработка на технолошкиот план. Следува поглавје кое се однесува на планот на монтажа. Овде се дадени симболите кои се употребуваат како ознаки за средствата за работа во технолошката карта и примери за план на монтажа за женска кошула и детска блуза. Последното, деветто поглавје содржи детален опис на начинот на пресметка на потребните податоци за план на технолошкиот процес. Дадени се 5 решени примери и 3 за самостојна работа. Во последното поглавје е објаснето групирањето на операциите или теоретското балансирање, работата на отклон и правилниот начин на оптоварување на работните места при составување на планот на технолошкиот процес. Даден е пример за план на технолошки процес за изработка на женска кошула заедно со распоредот на машините.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот е напишан технички прецизно на јасен и разбирлив јазик. Сите ознаки и единици во текстот се во склад со меѓународниот систем на мерни единици. Според нашите сознанија, ваков е-практикум, според обем и содржина, што одговара на предвидената наставна програма по предметот Технологија на изработка на облека 1 на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип не е објавен. Квалитетот на е-практикумот од педагошки и научен аспект е соодветен за студентите на прв циклус студии. Затоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет во Штип да го прифатат овој ракопис за објавување во е-библиотека на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како рецензиран е-практикум по предметот Технологија на изработка на облека 1.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Ацо Јаневски, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Сања Ристески, доцент, с.р.**